## На што треба да внимавате

**Законот за прекршоци против ЈРМ (извадок)**

**Чл. 5**
Кој на јавно место со фрлање или кршење на шишиња, чаши и други предмети ги вознемирува граѓаните или ја загрозува нивната безбедност ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 400 евра во денарска противвредност.

**Чл. 6**
Кој на јавно место се оддава на пијанство или во пијана состојба го нарушува ЈРМ ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 400 евра во денарска противвредност.

**Чл. 11**
Кој на јавно место учествува, предизвикува или поттикнува друг на тепачка ќе му се изрече глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност.

**Чл. 12**
Кој на јавно место физички ќе нападне друго лице ќе му се изрече глоба во износ од 600 до 800 евра во денарска противредност.

**Кривичен Законик (извадок)**

**Чл. 386**
(1) Тој што друг малтретира, грубо навредува, ја загрозува неговата сигурност или врз него врши грубо насилство и со тоа во јавноста предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв ќе се казни со затвор од три месеци до три години.
(2) Ако делото е извршено во група од две или повеќе лица или насилството е извршено над повеќе граѓани или сторителот телесно повреди друг, ќе се казни со казна затвор од шест месеци до пет години.

**Закон за безбедност во сообраќајот на патиштата (извадок)**

**Чл. 98**
Глоба во износ од 35 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на лице кое управува и се превезува со велосипед со мотор, моторцикл без да носи заштитен шлем-кацига.

**Чл. 231**
Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на возач кој управува со возило без да има важечка возачка дозвола.

**Чл. 234**
Глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на возач кој управува со возило под дејство на алкохол.

**Чл. 240**
Глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на возач –почетник кој управува со возило во времето од 23,00 до 05,00 часот без присуство на лице-возач постар од 25 години



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe **Mission to Skopje**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПОЛИЦИЈА POLICE

# ДРАГИ МАТУРАНТИ



**Другарувајте**

**Забавувајте се**

**Танцувајте**

**www.mvr.gov.mk**

Го положивте испитот на зрелоста ?

## Другарство

- Немој да мислиш дека си добар само ако си најдобар меѓу најдобрите.
- Другарите критикувај ги тогаш кога сте сами, а фали ги јавно.
- Продолжете го другарството -другарството е богатство.
- Сакај ги и почитувај ги другите ако сакаш да бидеш почитуван и сакан.



- Не стекнуваме пријатели со тоа што примаме добродетелства, туку затоа што ги правиме.

## Образование

- Книгите се ладни но сигурни пријатели.



- Ако книгата е вредна за читање, вредна е и за купување.
- Ниедна книга не е толку лоша и секоја барем малку е од корист.
- Треба да ја видите светлината во мртвите букви на книгите.
- Човекот станува добар и паметен ако чита многу и чита добри работи..

## Игра и забава

- Прави добри дела и не биди злобен, затоа што насилството е оружје на послабите.
- Немојте да се лажете дека лошото друштво не ги расипува добрите навики.
- Пријателството и љубовта се две растенија на еден корен. Љубовта има неколку цветови повеќе.






Одделението за превенција ви посакува безбедна матурска прослава!

**192**

www.mvr.gov.mk